До Влада на РМ

- Министерство за информатичко општество и администрација

- Министерство за за комуникации, отчетност и транспарентност

***Предлози, дополни и измени на предлог законот за Аудио и Аудио-визуелни медиумски услуги од МАН (Македонска асоцијација на новинари)***

*ИВОНА Талевска*

*Претседател на Извршен одбор на МАН*

Скопје, 30 Ноември 2017

Македонска асоцијација на новинари
Macedonian Association of Journalist

Измена бр.1: се додава во алинеата 3, покрај НОВИНАРСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И МЕДИУМСКО ЗДРУЖЕНИЕ

Член 3 Членот 14 се менува и гласи:

„Член 14 Именување на членови на Советот

(1) Собранието на Република Македонија ги именува членовите на Советот врз основа на претходно спроведен јавен конкурс и организирана јавна расправа за кандидати за членови на Советот.

(2) Собранието на Република Македонија објавува јавен конкурс на кој можат да се пријават кандидати за членови на Советот, најдоцна шест месеци пред истекот на мандатот на член на Советот.

(3) Кандидатите за членови на Советот кои се пријавиле на јавниот конкурс се должни да достават апликација во која детално ќе го наведат своето работно искуство и достигнувања во областа за која се стручни, изјава дека ги исполнуваат условите утврдени во членот 16 од овој закон и писма за поддршка од следните организации:

- од две граѓански организации кои се активни подолго од пет години и кои постигнале резултати во сферата на медиумите и човековите права или

- од Македонска асоцијација на новинари и Здружение на новинарите и Медиумско здружение кое го регулаторот доставило валидни податоци за бројот на своите членови и уплатена членарина

- од Независниот Синдикат на новинари и медиусмки работници и од Самостојниот синдикат на новинарите и медиумските работници или

- од две високо-образовни установи кои имаат АКРЕДИТИРАНИ ОД ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РМ студиски програми од областа на комуникологијата, новинарството, културата, економијата или правото.

Македонска асоцијација на новинари
Macedonian Association of Journalist

Предлагаме Советот на Агенцијата за медиуми да има 9 члена и тоа:

- по 2 од МАН и ЗНМ

- 1 од Медиумско здружение

- 4 – министерството за информатичко општество да одбере модел во Законот

Измена бр.2 : Членот 9 во кој се третира Член 23 од актуелниот Закон за ААВМУ, до делот МЕРКИ ВО СЛУЧАЈ НА ПОВРЕДА НА ПРОПИСИТЕ  во алиена 1. треба да се измени следнава реченица (подвлечена со црвена боја )
Со овој наш предлог, казните за радиодифузерите и операторите, како што стои и во самата алинеа 1 од членот 23 , ќе се однесуваат во ЦЕЛОСТ и на операторите, а не само на радиодифузерите, како што беше случај досега, што сметаме дека  е контрадикторно со идејата на самиот член

Нашиот предлог  гласи:

Член 9

Членот 23 се менува и гласи:

„Член 23

Мерки во случај на повреда на прописите

(1) Доколку се констатира непочитување, повреда или прекршување на одредбите од овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавач на медиум, давателот на аудиовизуелни услуги по барање или операторот на јавни електронски комуникациски мрежи кои врши реемитување на програмски сервиси, Советот на Агенцијата може да ги преземе следниве мерки:

- јавна опомена,

- ќе поведе прекршочна постапка во случај кога и покрај изречената јавната опомена не го прекине прекршувањето и продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменат, во рок утврден од страна на Советот на Агенцијата,

согласно одредбите од овој закон,

- одземање на дозволата или

- ќе спроведе постапка за бришење од регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги или од регистарот на оператори на јавни комуникациски мрежи , согласно одредбите од овој закон.

Измена бр.3 : Членот 11 во кој се третира Член 48 од актуелниот Закон за ААВМУ, до делот ПОСЕБНИ ЗАБРАНИ е преобемен и ќе прави сериозни проблеми во секојдневното работење. Се воведува казна за дискриминација врз речиси сите основи, па дури и брачна состојба, возраст, телесна тежина (состојба), и најстрашно - други видови уверувања. Со ова законодавецот за жал ќе овозможи секој да се почуствува „загрозен“ дури ако некому кажете дека чевлите му се валкани ?! Овој дел од член 48 ќе предизвика вистински хаос

Предлагаме наместо вашиот предлог кој гласи:

Член 11

Членот 48 се менува и гласи:

„Член 48

Посебни забрани

(1) Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена

состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван

меѓународен договор.

(2) Посебните забрани од ставот (1) на овој член треба да бидат во согласност со

практиката на Европскиот суд за човекови права.“

Алинеата бр. 1 да се замени со следниов текст:
(1) Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува

националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република

Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири

дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност, припадност на маргинализирана група,етничка припадност.

Потребно е целосно бришење на на членовите 62А и 62Б, бидејќи регулаторот и Агенцијата се ставаат во позиција на уредници и цензори во приватните медиуми, кои самите одлучуваат за својата уредувачка политика согласно слободата на говорот гарантирана во Уставот на РМ.

Значи, потребно е бриење на 62А и 62Б кои гласат

~~Член 12~~

~~По членот 62, се додаваат два нови члена 62-а и 62-б, кои гласат:~~

~~„Член 62-а Политички плурализам во вестите и дневно-информативните програми~~

~~(1) Радиодифузерите кои емитуваат вести и дневно-информативни програми се должни во нив да обезбедат непристрасно, правично, фер и избалансирано претставување на различните политички и идеолошки гледишта, согласно член 2 од овој закон.~~

~~(2) При известувањето за прашањата кои се предмет на дебата меѓу политичките субјекти или пошироко во општеството, во вестите и дневно-информативните програми мора да им се даде можност за искажување на што повеќе различни и спротивставени гледишта, како во секое поединечно издание така и во низа последователни изданија на вестите.~~

~~(3) Во вестите и дневно-информативните програми не смее да се фаворизираат гледиштата и мислењата на една конкретна личност или институција или организација кои застапуваат исти гледишта.~~

~~(4) Фаворизирање на едно конкретно гледиште подразбира дека тоа гледиште е временски повеќе застапено во вестите, за разлика од другите гледишта за тоа исто прашање.~~

~~(5) Презентерите на вести и новинарите, во вестите и дневно-информативните програми не смеат да изразуваат нивни лични гледишта и ставови.~~

~~(6) Гледиштата и фактите не смеат да бидат погрешно претставени.~~

~~Член 62-б Политички плурализам во дебатните, актуелно-информативните и контактните програми~~

~~(1) Во дебатните, актуелно-информативните и контактните програми треба соодветно да бидат претставени различни гледишта за темата која е предмет на програмата.~~

~~(2) Презентерите и водителите на дебатните, актуелно-информативните и контактните програми можат да искажат сопствено мислење за прашањата за кои дебатираат, единствено доколку сопственото мислење е во интерес за насочување на дебатата, но не смеат да фаворизираат едно одредено гледиште, односно да ги исклучуваат другите алтернативни гледишта за темата која е предмет на дискусија во програмата.~~

~~(3) Гледиштата и фактите во дебатните емисии потребно е да бидат претставени објективно.“~~

Измена бр.4 : во членот 15, кој се однесува на членот 92 од Законот за ААВМУ, тука се користи нессодветен термин автори. Во ТВ бизнис се користи терминот Продуцент, така

Наместо предложената алинеа 1 :

(1) Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски и радио

програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма

изворно создадена од македонски автори и автори на етничките заедници кои не

се мнозинство во Република Македонија, а јавниот радиодифузен сервис најмалку

40%.

Треба да се замени со следнава:

(1) Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски и радио

програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма

изворно создадена од македонски продуценти и продуценти од етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%.

Измена бр.5 : во членот 29, кој се однесува на членот 105 од Законот за ААВМУ, каде се зборува за Финансирање на МРТ, оставено е СЕУШТЕ рекламирањето на МРТ. Тоа е видливо од алинеа 3, каде се споменува емитување на аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации што е спротивно со идејата за финансирањето на МРТ.

Наместо предложената алинеа 3 :

Член 29

Членот 105 се менува и гласи:

„Член 105

Финансирање на МРТ

(1) Средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на Македонска Радио Телевизија, Јавното претпријатие Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија во висина до 0,7% од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот.

(2) Средства од ставот 1 се распоредуваат на следниов начин:

- 74,5% за МРТ за покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој,

- 19,5% за ЈП Македонска радиодифузија за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и

- 6% за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

(3) Дополнителен извор на средства на МРТ се и средствата остварени од емитување на аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации, донации, продажба на програма и услуги.

Треба да се замени со следнава:

(3) Дополнителен извор на средства на МРТ се и средствата остварени од донации, продажба на програма и услуги.

Измена бр.6 : во членот 37, кој се однесува на членот 143 од Законот за ААВМУ, каде се зборува за обврските на Операторите, оставено е СЕУШТЕ можноста на одредени оператори, бесправно, да реемитуваате одредене странски програмски сервиси, за кои ниту странскиот сервис, ниту домашниот оператор немаат соодветни права за реемитување во Македонија. Изминативе години имаше преку 100на случаи на годишно ниво, и ваквата законска одредба воопшто не им пречеше на одредени оператори свесно да го кршат законот и со тоа да правата ДИРЕКТМНА ШТЕТА особено на НАЦИОНАЛНИТЕ ТЕРЕСТРИЈЛАНИТЕ ТВ СТАНИЦИ.

Наместо предложената алинеа 2 :

Член 37

Членот 143 се менува и гласи:

„Член 143

Обврски на оператор кој реемитува програмски сервиси

(1) Оператор може да ги реемитува програмските сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско или радио емитување и врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно со Законот за авторските права и сродните права.

(2) Оператор може да реемитува програмски сервиси на радиодифузери од други држави согласно со членот 44 од овој закон и врз основа на регулирани авторски

права и сродни права, согласно Законот за авторските права и сродните права.

Треба да се замени со следнава:

(2) Оператор може да реемитува програмски сервиси на радиодифузери од други држави согласно со членот 44 од овој закон и врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно Законот за авторските права и сродните права.Со поднесување на пријавата одговорното лице на операторот доставува и изјава со која потврдува , под целосна кривична и материјална одговорност, гарантира дека за реемитување на програмските сервиси ги има уредено ТВ правата за странскиот радиодифузер кој планира да го реемитува. Истовремено, при поднесувањето на пријавата, Операторот е обврзан да достави изјава на Одговорното лице на странскиот радиодифузер која е заверена пред надлежен орган во земјата каде е седиштето на странскиот радиодифузер,во која под целосна кривична и материјална одговорност, гарантира дека ги има регулирано сите ТВ права за емитување на целиот свој програмски сервис на територијата на Република Македонија и дека е согласен да го пренесе правото на реемитување на програмскиот сервис на операторот.